# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**30 Октомври 2020 година, Гевгелија** **Број 12** **Година XXXIX**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18год.) и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.10.2020 година, по расправата за Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година за периодот од 01.01.2020г. – 30.09.2020 година (кумулатив), го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 год. За периодот од 01.01.2020г. – 30.09.2020год. (кумулатив).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1635/1
29.10.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.10.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

**за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства во висина од **377.364,оо денари** како финансиска помош за ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија заради итната потреба за обезбедување дополнителен болнички капацитет за пациентите позитивни на КОВИД 19 коишто примаат терапија во болнички услови.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година од Основниот буџет, програма А0 – Совет на општина Гевгелија

подставка 412110-Постојана резерва (непредвидливи расходи), а ќе се преведат на “РУСЕ КОМЕРЦ”-Гевгелија на денарска трансакциска сметка: 210043544270171, депонент во НЛБ Банка АД-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1636/1
29.10.2020 год.
Гевгелија

Претседател
На Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.) и Планот за управување со отпад на општина Гевгелија 2017-2022 година, Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.10.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

**За давање на управување и користење на изведена градба – „Привремена санитарна депонија во село Ново Конско – Општина Гевгелија, со фотоволтаичен систем”**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање на управување и користење на изведена градба „Привремена санитарна депонија во село Ново Конско – Општина Гевгелија, со фотоволтаичен систем”.

Вкупната фактурирана вредност на објектот „Привремена санитарна депонија во село Ново Конско – Општина Гевгелија, со фотоволтаичен систем” изнесува 51.782.167 денари.

**Член 2**

Со предавањето на овој објект на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија, се предава и основниот проект со тех. бр. ПД_041_03/17 од август 2017 година изработен од „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интрнешнл и др” доо – Скопје и Извештај бр. 09-002 за технички преглед на фотоволтаичен систем, Времена Депонија „Ново Конско” во Гевгелија, од 17.09.2020 година.

**Член 3**

За примопредавањето на изведената градба на објектот „Привремена санитарна депонија во село Ново Конско – Општина Гевгелија, со фотоволтаичен систем". ќе се формира Комисија од претставници на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија и Општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1637/1
29.10.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 4 став (1) од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13 и 147/15 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.10.2020 година, донесе

# ОДЛУКА

## за определување име на младинскиот дом во с.Богородица

**член 1**

Со оваа Одлука се определува име на младинскиот дом во с.Богородица-општина Гевгелија, по барање на Иницијативниот одбор од ова населено место.

**член 2**

Младинскиот дом во с.Богородица е во сопственост на Општина Гевгелија, се наоѓа на КП бр.2030/3 КО Богородица со внатрешна површина од 214 м2 и со намена В3-6 – Дом на култура, сето тоа запишано во имотен лист бр.1152 КО Богородица.

**член 3**

Името на Младинскиот дом ќе гласи:

**- Младински дом "Мите Танов-Коми" – с.Богородица.**

**член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1638/1
29.10.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.10.2020 год., донесе

# ОДЛУКА

## За утврдување потреба од донесување на Урбанистички проект (КП бр.676 КО Гевгелија)

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување урбанистички проект (УП), со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект на КП бр.676 КО Гевгелија во класа на намена А4.3 – семејни куќи за времен престој-викенд куќа, а по барање од Беби Весели од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1639/1
29.10.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (1) и (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11,162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.10.2020 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1136 КО Хума)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување урбанистички план за село (УПС) за с.Хума, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект-викенд куќа на КП бр.1136 КО Хума во класа на намена А4 (времено сместување), а по барање од Уп.1 бр.11-640-л од 31.12.2018 год. на Зоран Ников од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1640/1
29.10.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 год. ), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.10.2020 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на**

**Урбанистичко планска документација за с.Ума (КП бр.1110 КО Ума)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на Урбанистички План (УП) за с.Ума со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект-викенд куќа на КП бр.1110 КО Ума во с.Ума со класа на намена А4-3 (семејни куќи за времен престој-викенд куќи), а по барање Уп.1 бр.11-691-л од 31.12.2018год. на Нада Стојковска од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,

Бр.09-1641/1
29.10.2020год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 год. ), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.10.2020год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на**

**Урбанистичко планска документација за с.Ново Конско**

**(КП бр.156/1 КО Ново Конско)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на Урбанистички План (УП) за с.Ново Конско , со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден помошен објект во функција на објект со класа на намена (А4) на КП бр.156/1 КО Ново Конско , а по барање Уп.1 бр.11-294-л од 08.11.2018год. на Димитар Стоилов од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,

Бр.09-1642/1
29.10.2020год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 год. ), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06 и 8/10), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.10.2020год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.352 и КП бр.369 КО Милетково**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички Проект (УП) , со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.352 и КП бр.369 КО Милетково, согласно Закон за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр.32/2020год.), а по барање Уп.1 бр.11-373-л од 12.12.2018год. на барателот Славчо Иванов со стан на ул.,,М.Тито,, бр.95 од Миравци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-1643/1
29.10.2020год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 год.), член 19 став (7) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18год.) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19 и 275/19год.), Решението за вршење на дејноста згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст, бр.11-3957/9 од 15.10.2020 година донесено од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и Барање за давање согласност на Статутот бр.09-136/116 од 26.10.2020 година, Советот на Општина Гевгелија на педесет и првата седница одржана на 29.10.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца – Детска градинка „Ѕуница" - Гевгелија

**1**.Се дава согласност на Статутот на приватната установа за деца - Детска градинка „Ѕуница" - Гевгелија, донесен од основачот Друштво за трговија и услуги „РЕДИМАЛ" ДООЕЛ Гевгелија, со ЕМБС 7213824, со ЕДБ 4006017513233, со седиште на ул. „Даме Груев" бр.4-2, со забелешките изнесени на седницата на Советот на Општина Гевгелија.

**2**. Решението да се достави до основачот Друштво за трговија и услуги „РЕДИМАЛ“ ДООЕЛ Гевгелија, со ЕМБС 7213824, со ЕДБ 4006017513233, со седиште на ул.„Даме Груев“ бр.4-2 и до Приватната установа за деца - Детска градинка „Sуница“ - Гевгелија.

**3**.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1645/1
29.10.2020 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

# СОДРЖИНА:

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година за периодот 01.01.2020г. – 30.09.2020год. (кумулативно)……………………………………………………………621
2.Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година……………………………………………………………621
3.Одлука за давање на управување и користење на изведена градба – Привремена санитарна депонија во с.Ново Конско – Општина Гевгелија со фотоволтаичен систем……………………………………………………………622
4.Одлука за определување име на Младинскиот дом во с.Богородица-општина Гевгелија……………………………………………………………623
5.Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистички проект за КП бр.676 КО Гевгелија (барател: Беби Весели од Гевгелија)……………624
6.Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Хума за КП бр.1136 КО Хума (барател: Зоран Ников од Гевгелија)……………………………………………………………625
7.Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Хума за КП бр.1110 КО Хума (барател: Нада Стојковска од Гевгелија)……………………………………………………………625
8.Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичка планска документација за с.Ново Конско за КП бр.156/1 КО Ново Конско (барател: Димитар Стоилов од Гевгелија)……………………………………626
9.Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистички проект за КП бр.352 и КП бр.369 КО Милетково (барател: Славчо Иванов од Миравци)……………………………………………………………627
10.Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца - Детска градинка "Ѕуница" – Гевгелија……………………………………628

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи, ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија